Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative,Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 25.08.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 1369/1 | | |

ДО
Државна комисија за одлучување во управна постапка,
постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на РСМ
Скопје

**Предмет:Б А Р А Њ Е**

**Врка: Ип1 бр.36-365 од 16.04.2024 година Дневник бр.47/24;**

Од [redacted] од [redacted]

Врз основа на извршениот вонреден инспекциски надзор на катастарска парцела К.П.11276 КО Охрид 2,заведен под Ип1 бр.36-365 19.04.2024 година Дн.бр.47/24.
Ви доставуваме барање за информација од јавен карактер односно бараме да ни биди доставено Решение од Второстепена комисија од извршениот вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.36-365 од 19.04.2024 година Дневник бр.47/24.

Со надеж дека ќе биде позитивно одговорено на нашето барање и ќе ни биде доставено погоре наведеното второстепено решение остануваме со почит кон Вас и Вашата институција.

20.08.2025 година
Битола

БАРАТЕЛ
[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

12.09 2025 година

**Архивски број:** 1005-1369/3

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог на ова известување Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005/1369/2

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје Република Северна Македонија
070/407-476, 072/265-535
www.dkz.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

12.09 2025

**Архивски број:** 1005-1369/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ“ бр.101/19) и член 17 став 1 и 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ“ бр.101/19) , а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено од Митана Вељановска со број 1005-1369/1 од 25.08.2025 г. **СЕ ОТФРЛА.**

## Образложение

На ден 25.08.2025 г. до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставено е Барање од [redacted]а. Во самото барање е наведено дека подносителот бара да му биде доставено Решение од Второстепена комисија од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр.36-365 од 19.04.2024 г. Дневник бр.47/24.

Со оглед на тоа што доставеното барање е непотполно и поради тоа Државната комисија како имател на барањето не беше во можност да постапи по истито, Државната комисија постапи согласно член 17 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ“ бр.101/19) и со барање број 1005-1369/2 од 27.08.2025 година се обрати до подносителот на барањето. Барањето по пошта на ден 02.09.2025 година е проследено до подносителот.

Во барањето е укажано дека Државната комисија постапува по жалба против конкретен управен акт, а во конкретниот случај не е јасно за кое решение се бара информација. Притоа, на барателот му се укажа дека потребно е во рок

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

27.8.2025 година

**Архивски број:** 1005-1369/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Барање**

Почитувани,

На ден 25.08.2025 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен од Ваша страна е доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер. Во барањето е наведено дека Вие како подносител на барањето од Државната комисија ја барате следнава информација:

- Решение од Второстепена комисија од извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр. 36-365 од 19.04.2024 година, Дневник бр. 47/24.

Предвид горе наведеното Ви укажуваме дека Државната комисија постапува по жалба против конкретен управен акт, а во овој случај не е јасно за кое Решение барате информација.

Поради тоа, а имајќи го предвид член 17 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија Ви го доставува ова известување. Притоа, Ви укажуваме дека потребно е во **рок од три дена** од приемот на ова известување, да го дополните поднесеното барање.

Доколку во определениот рок не го дополните барањето, Државната комисија со решение ќе го отфрли барањето за доставување информации од јавен карактер поднесено од Ваша страна.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил: Даниела Радиќ


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 17.09.2025 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005 | 1369/5 | | |

ДО
Државна комисија за одлучување во управна постапка,
постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на РСМ
Скопје

... arkivore ______
... Afati i ruajtjes ______
______ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi ______

**Предмет:Б А Р А Њ Е**

**Врка: Ип1 бр.36-365 од 16.04.2024 година Дневник бр.47/24;**

Од [redacted]
Врз основа на Вашето известување заведено кај Вас под број **1005-1369/2 од 27.08.2025** година го дополнуваме нашето барање:
Врз основа на извршениот вонреден инспекциски надзор на катастарска парцела К.П.11276 КО Охрид 2,заведен под Ип1 бр.36-365 19.04.2024 година Дн.бр.47/24.
Ви доставуваме барање за информација од јавен карактер односно бараме да ни биди доставена **копија** од Решение од Второстепена комисија од извршениот вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.36-365 од 19.04.2024 година Дневник бр.47/24.

Со надеж дека ќе биде позитивно одговорено на нашето барање и ќе ни биде доставена копија од погоре наведеното второстепено решение останувааме со почит кон Вас и Вашата институција.

15.09.2025 година
Битола

БАРАТЕЛ
[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

23.9 2025 година

**Архивски број:** 1005-1369/6

**До:** [redacted]

**Предмет: Барање**

Почитувана,

На ден 17.09.2025 година доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер доставено е до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Во барањето е наведено дека Вие како подносителот на барањето од Државната комисија ја барате следнава информација:

- Решение од Второстепена комисија од извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр. 36-365 од 19.04.2024 година, Дневник бр. 47/24.

Државната комисија не може да постапи по доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер од причина што податоците кои ги имате наведено во Вашето барање не соодвествуваат со бројот под кој Решенијата се заведуваат во Државната комисија. Имено, во Државната комисија донесените Решенија не се заведуваат со броеви како што е бројот на решението што е наведено во Вашето барање.

Поради тоа, а имајќи го предвид член 17 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија Ви го доставува ова известување. Притоа, Ви укажуваме дека потребно е во **рок од три дена** од приемот на ова известување, да го дополните поднесеното барање. Притоа, во дополнението на барањето потребно е да наведете дали барате копија од Решение донесено од Државната комисија, да го наведете бројот и датумот на решението по кое била поднесена жалбата, органот кој го донел


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

решението по кое е изјавена жалбата. Доколку сте во можност доставете и копија од Решението по кое е изјавената жалбата.

Доколку во определениот рок не го дополните барањето, Државната комисија со решение ќе го отфрли барањето за доставување информации од јавен карактер поднесено од Ваша страна.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил: Наталија С.Филипова

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 29.9.25 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005 | 1369/7 | | |

ДО
Државна комисија за одлучување во управна постапка,
постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен на РСМ
Скопје

**Предмет:Б А Р А Њ Е**

**Врка: Ип1 бр.36-365 од 16.04.2024 година Дневник бр.47/24;**

Од [redacted]

Врз основа на извршениот вонреден инспекциски надзор на катастарска парцела К.П.11276 КО Охрид 2,заведен под Ип1 бр.36-365 19.04.2024 година Дн.бр.47/24.
Бараме да ни биде доставена **копија** од Решение од Државната комисија со кое е постапено по жалба против Решение броој Ип1 бр.36-365 од 19.04.2024 година Дневник бр.47/24 на општински градежен инспектор Охрид.

Со надеж дека ќе биде позитивно одговорено на нашето барање и ќе ни биде доставена копија од погоре наведеното Решение останувамe со почит кон Вас и Вашата институција.

29.09.2025 година
Битола

БАРАТЕЛ
[redacted]
/[redacted]/

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

06.10 2025

**Архивски број:** 1005-1369/8

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено по електронски од [redacted] СЕ УВАЖУВА.
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма како што е наведено во самото барање.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 17.09.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен по електронски пат доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] Во самото барање е наведено дека подносителот на барањето ја бара следнава информација:

- Копија од Решение на второстепена комисија од извршениот вонреден инспекциски надзор ИП1 бр.36-365 од 19.04.2024 г. Дневник бр.47/24.

Постапувајќи по барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен донесе одлука со која Барањето за пристап до информации од јавен карактер се уважува.

По разледување на поднесеното барање, Државната комисија со барање број 1005-1369/60 од 23.09.2025 година се обрати до подносителот на барањето од причина што податоците кои подносителот ги има наведено во барањето не се доволни за да може Државната комисија да постапи по поднесеното Барање. Имено, бројот на решението кое е наведено во барањето не соодвествува со бројот под кој решенијата се заведуваат во комисијата.


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Во доставеното барање, Државната комисија му појасни на подносителот дека во комисијата донесените Решенија не се заведуваат со броеви како што е бројот на решението наведено во самото барање. Притоа, на подносителот на барањето му беше укажано дека потребно е во рок од три дена од приемот на известувањето, потребно е да го дополни поднесеното барање, со наведување дали бара копија од решението донесено од Државната комисија, да го наведе бројот и датумот на решението по кое била поднесена жалбата, органот кој го донел решението по кое е изјавена жалбата, а доколку е во можност од подносителот беше побарано да достави и копија од Решението по кое е изјавена жалбата.

Постапувајќи по Барање за појаснување, подносителот на ден 29.09.2025 година повторно достави Барање во кое појасни дека бара да му биде доставена копија од Решение од Државната комисија со кое е постапено по жалба против Решение број ИП1.бр.36-365 од 19.04.2024 година на Општински градежен инспектор Охрид.

По добивање на дописот од страна на барателот, Државната комисија изврши проверка во архивата и писарницата и утврди дека до ден 02.10.2025 година жалба против Решение број ИП1.бр.36-365 од 19.04.2024 година на Општински градежен инспектор Охрид не е доставена до Државната комисија. Поради тоа, Државната комисија не да достави копија од Решение на Државната комисија со кое е постапено по жалба против Решение Ип1.бр.36-365 од 19.04.2024 на Општински градежен инспектор Охрид до подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

06.10 2025 година

**Архивски број:** 1005-1369/9

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог на ова известување Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија со кое комисијата постапи по поднесеното барање за пристап по информации од јавен карактер.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-1369/8

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk